Ministry of State for Public Administration and Anti-corruption

REPUBLIKA E SHQIPËRISË
MINISTRIA E DREJTËSISË

GLOBAL INITIATIVE AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME

# Заклучоци од Тирана

## *Зајакнување на отчетноста*
## *- Засилување на заложбите за борба против корупција на Западен Балкан -*

На 4 и 5 март 2024 година, во Тирана, Албанија се одржа меѓународна конференција посветена на развојот на регионалните стратегии за зајакнување на културата на интегритет и на отчетност во Западен Балкан. Настанот беше организиран во соработка на Министерството за правда на Албанија, албанското Министерство за јавна администрација и антикорупција и Глобалната иницијатива против транснационален организиран криминал (ГИ-ТОК), поддржани од страна на Обединетото Кралство. Овој состанок формираше платформа за размена на искуства, достигнувања и предизвици помеѓу министерствата за правда, високите службеници во полето на правдата и јавната администрација, шефовите на регионалните агенции за анти-корупција и претставниците на релевантните регионални и меѓународни институции, граѓанското општество и академскиот сектор. Сите засегнати чинители ја потврдија својата посветеност на борбата против корупцијата преку повеќестран пристап и клучната важност на отчетноста – како за донесувачите на одлуки, така и за технички поткованите експерти – за градење на цврста основа за унапредување на агендата за антикорупција на национално и регионално ниво.

Врз основа на заклучоците од конференцијата во Шибеник, Република Хрватска, којашто се одржа во 2022 година, дискусиите во Тирана опфатија разни прашања коишто се клучни за зајакнувањето на интегритетот и отчетноста:

***Лидерство и политичка волја:*** Лидерството и политичката волја се од најголемо значење за создавањето и одржувањето култура на интегритет. Многу учесници нагласија дека заложбите за борба против корупцијата се значајни само доколку се спроведуваат. Токму затоа, политичарите и вишите службеници во јавната администрација и приватниот сектор мора да водат преку пример. Не само што ова го намалува ризикот од корупција, туку и ја зајакнува довербата на граѓаните во институциите и владите.

***Поголема транспарентност во политичкото финансирање:*** Посебно внимание се посвети на прашањето поврзано со политичкото финансирање и ризикот којшто го претставува „организираната корупција“ за регионот. Тука се вклучени не само финансирањето на политичките партии и изборите, туку и политичкото влијание и контролата врз државните претпријатија, како и употребата на јавните набавки и управувањето со нив. Учесниците истакнаа дека транспарентноста, отчетноста и одговорното управување со јавните ресурси се во корист на јавното добро, како и начин да се зајакне довербата помеѓу граѓаните и јавните институции. На конференцијата, беше нагласено дека зајакнувањето на интегритетот е од клучно значење и за забавувањето на трендовите што водат кон нелиберални демократии, што всушност е и предуслов за пристап кон Европската Унија (ЕУ). Во исто време, се истакна дека борбата против корупцијата е глобален предизвик, којшто не важи единствено само за

еден регион или сектор на државите и дека ризикот од корупција не исчезнува кога некоја земја ќе стане членка на ЕУ. Поради тоа, од исклучително значење е да постои системска поделба на власта, како и образование и добри практики кои ги зајакнуваат општествените антитела во борбата против корупцијата.

***Правен систем и органи за спроведување на законот:*** На состанокот се нагласи и важната улога што ја игра кривичниот правосуден систем, особено полицијата, обвинителите, судиите и институциите на темата поврзана со антикорупција. Учесниците истакнаа дека професионалните, независни и отчетни правни системи и органи за спроведување на законот се од клучна важност за спроведување на законите и за зајакнување на културата на интегритет. Нивната ефективност се зголемува преку соработка и координација во текот на сите фази на антикорупциските постапки. Учесниците ја истакнаа потребата за зајакнување на прекуграничната соработка, вклучувајќи ги и заедничките истраги низ регионот и со партнерите од земјите каде што се активни криминални групи од Западен Балкан.

***Технологијата како сојузник во борбата против корупција:*** Иако технологијата е двигател на организираниот криминал, таа може да игра клучна улога во борбата против корупција и во унапредувањето на отчетноста и системите на интегритет. Пошироката распространетост на дигитализацијата и техничките иновации овозможува единствени можности за зголемување на транспарентноста, за подобрување на испорака на услуги и за следење на шемите на корупција во владејачките процеси. Таквите иновации може да бидат особено влијателни во сектори што се подложни на корупција како: градежништвото, секторот за јавни набавки и правата на сопственост. Во тој правец, неколку национални стратегии во регионот ставаат акцент на употребата на такви алатки за зголемување на транспарентноста и отчетноста.

***Образование против корупција и пристап во чиј центар се граѓаните:*** Вкоренувањето култура на законитост, особено помеѓу младите лица, и подигањето на јавната свест за штетите предизвикани со корупцијата се клучни за оформување на општествата кои функционираат врз основа на интегритет и отчетност. На конференцијата се дискутираа најдобри практики во образованието против корупција на регионално и меѓународно ниво. Учесниците нагласија дека пристапот во чиј центар се граѓаните е неопходен за информирање и оснажување поединци, за зајакнување на превенцијата и за создавање плодно тло за одржливо спроведување на агендата за борба против корупција во регионот. Во овој поглед, беше истакната важноста на вклученоста на граѓанскиот сектор. Токму затоа, присутните ја нагласија потребата од тоа да бидат вклучени младите во сите процеси, како и да се отвори можност младите самоиницијативно да се вклучат во кампањите против корупција. Исто така, на состанокот се дискутираше и за важната улогата на жените во процесот на зајакнување на интегритетот во рамките на јавните институции. На конференцијата се заклучи и дека поради тоа што корупцијата влијае на сите нас, потребен е пристап којшто ќе го вклучи целото општество со цел стратегиите за анти-корупција да бидат ефективни.

***Стремеж кон Европската Унија:*** Стремежот за пристапување кон Европската Унија останува моќен поттик за земјите од Западен Балкан да ги унапредат реформите за отчетност и интегритет. Конференцијата им даде можност на земјите од регионот да научат од искуствата на земјите членки на ЕУ и Европските институции, како и од најдобрите практики од релевантните регионални и меѓународни организации за антикорупција. Клучно беше тоа што во многу дискусии се истакнаа и заедничките предизвици со коишто се соочуваат земјите

во регионот со сличните искуства на државите во други делови од Европа и светот. Како резултат на она што се дискутираше, учесниците ја нагласија потребата од поголема регионална соработка во иднина во споделување на знаењето со земјите и институциите со релевантно искуство во процесот на зајакнување на интегритетот на сите владини нивоа и во приватниот и јавниот сектор.

***Различни перспективи, заедничка цел:*** Придонесите на актерите од граѓанскиот сектор, академиците, специјализираните агенции и институции за борба против корупцијата, како и националните практики прикажаа дека постои широк пристап во борбата против корупција. На средбата се спомenaa и постојните стандарди и заложби, како Конвенцијата на ОН против корупција (UNCAC), како и механизмите за ревизија на спроведувањето, вклучувајќи ги и механизмите на UNCAC, етапите во процената на Групата држави против корупција (GRECO) и Регионалниот патоказ за антикорупција и незаконски финансиски текови. Иако овие инструменти откриваат голем и разнообразен обем на актери и перспективи, се истакна постојната заедничка цел што подразбира борба против корупцијата и зајакнување на интегритетот.

На крајот, учесниците се заблагодарија на домаќините и конференцијата во Тирана и искажаа интерес во натамошното зајакнување на мрежите на активности, поврзувањето на релевантните актери и зајакнувањето на регионалната соработка во борбата против корупција. Во тој правец, за во иднина се даде предлог на наредните слични конференции да се стави поголем акцент на предизвиците и можностите на локалните власти во борбата против корупција, на поддршката на судиите и на телата за антикорупција и на тоа како подобро и поефективно да се вклучи приватниот сектор.